УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“

ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА

*НА ФАКУЛТЕТСКОТО СТУДЕНТСКО СОБРАНИЕ НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ„ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ЗА АКАДЕМСКА ГОДИНА 2023/24*

**Претседател:** *Данило Крстовски*

**Заменик-претседател:** *Кире Јованов*

**Генерален секретар:** *Бојана Бурческа*

## *ВОВЕД*

Студентското собрание на Факултетот при Правниот факултет „Јустинијан Први" - Скопје е динамична и студентска форма на организирање посветена на збогатување на академското искуство и негување чувство на заедништво во нашата ценета институција. Составени од страсни и ангажирани студенти со различни позадини, ние сме посветени на промовирање на совршеност во правното образование, истражувачката работа и професионалниот развој.

Како застапници за студентските интереси и гласови, ние служиме како мост помеѓу студентите, факултетот и администрацијата, олеснувајќи го дијалогот, соработката и позитивните промени. Нашите активности опфаќаат широк опсег на иницијативи, вклучително академски настани, вон наставни активности и програми за информирање на студентите, сите насочени кон подобрување на сеопфатниот развој на студентскиот стандард и придонесување за унапредување на правната област.

Во академската година 2023/24, по наврешените избори минатиот декември 2023 г., бројката на членови во ФСС изнесуваше 22 членови. После две оставки, ФСС функционира со 20 члена. Беше направена промена во речиси сите тела во кои студентското собрание има можност да номинира свои претставници, како на факултетот, така и вон него. Беше направена и статутарна промена во делот за заменик претседател и заменик студентски праобранител. До моментот на пишување (ноември 2024), ФСС има 9 седници, со што е исполнет статутарниот минимум.

Оваа година претставува голем исчекор и раздвижување на работи кои долго време недостасувале на студентите на факултетот, и беа дел од приоритетите за работа на овој состав на ФСС. Отворен дебатен клуб, остварен повик за студентски стручни трудови, организирање повик за уредувачки одбор на реставрираното списание „Став" и сл. Сепак, тековниот предизвици и во оваа година не беа надминати, а тоа се човечките и финансиските ресурси.

***ОКТОМВРИ, 2023***

- Организиран *„Охридски конгрес на правото 2023“* во Охрид во периодот од 27 – 30 октомври 2023. На настанот присуствуваа деканот на Правниот факултет, проф. д-р Георгиевски, продеканката за финансии, проф. д-р Петревска, а свои излегувања имаа и: проф. д-р Гелев, проф. д-р Павловска – Данева и доц. д-р Кртолица. Покрај професорите од факултетот свои излегувања имаа и Бојан Кордалов, истакнат комуниколог и практичари од адвокатурата од адвокатска канцеларија „Гоџо, Кичеец и Новаковски“ од Охрид. Покрај формалниот дел, викендот беше исполнет и со забави и прошетки низ градот Охрид.

***НОЕМВРИ, 2023***

- Организиран настан „Вештачка интелигенција и правото – предизвици, опасности и перспективи“ на 07.10.2023 г. во Нова сала за ННС. На настанот предаваа Јован Најденовски, адвокат и Мартин Василковски, претставник од Дата Мастерс. Деканот проф. д-р Георгиевски имаше поздравно отворање на настанот и истиот беше поддржан од Македонија Легал – Правна мрежа и ИКТ Комора – МАСИТ, а вклучително присутни беа и претставници од двете организации;
- Учество во промоција на факултетот на настанот „Ден на студентите“ во Студентски Културен Центар во соработка со другите студентски собранија на УКИМ на 17.11.2024 г;
- Промовирање на изборите за Факултетско студентско собрание;
- Промовирање на учество на универзитетски студентски игри 2023/24;
- Организиран Giveaway – Рапсоди за бесплатно патување и прослава за 3-5 студенти на 30.12.2023 г.

***ДЕКЕМВРИ, 2023***

- Конституирање на новиот состав на Факултетското студентско собрание;

- Организирано „Заедничко китење на елката“ во Аулата на факултетот со Центар за кариера и одбор за поддршка на алумни и ЕЛСА на 12.12.2023 г.;
- Крводарителска акција на Наставничкиот клуб на факултетот за општествено-хуманистичкиот кампус во соработка со студентските собранија на Филолошки, Филозофски и Економски факултет, како и Организацијата на Црвен Крст на 18.12.2024 г.

***ЈАНУАРИ, 2024***

- Именувани нови членови во Наставно-научен совет;
- Тековни активности на собранието.

***ФЕВРУАРИ, 2024***

- Учество и организирањ на протест со другите студентски собранија на 05.02.2024 г. пред Министерство за образование и наука поради ненавремено подмирување на финансиските облигации на МОН кон студентите;
- Промоција на повикот за стручни студентски трудови од стручното студентско списание „Iustinianus Primus Student Law Review“ на 06.02.2024 г;
- Промоција на студентите по новинарство од Правниот факултет учесници на проектот „Медиа 2040“;
- Проследување на повик за членови на студентски дебатен клуб на Правниот факултет во организација на МОФ и факултетот на 07.02.2024 г;
- Организирана панел дискусија на тема „Твој глас, твои права“ на 01.02.2024 г. во Читалната на факултетот. Панелисти беа проф. д-р Бобан Мисоски, продекан за настава, Александар Јордев, раководител на Оделението за студентски прашања, правни и општи работи и Магдалена Николовска, заменик-студентски правобранител на факултетот;
- Успешна хуманитарна забава организирана од ФСС во Макка бар, Центар, под наслов „Пружи рака, дојди во Макка“ на 16.02.2024 г. На истата забава беа собрани над 11 000,00 денари парична помош, како и голема количина на храна (тестенини, конзерви, супи, паштети, брашно и сл);
- Работилница на тема „Академско пишување“ на 28.02.2024 г. во Стара сала за ННС со предавач проф. д-р Јасна Бачовска-Недиќ;

***МАРТ, 2024***

- Крводарителска акција на општествено-хуманистички кампус во Наставнички клуб на Правен факултет на 06.03.2024 во соработка со студентското собрание на Економскиот факултет;
- Учество и организирање на панел дискусија „Функционирањето на студентското организирање и високото образование: предизвици и можности?“ во соработка со студентските собранија од општествено-хуманистички кампус на 07.03.2024 во Економскиот факултет;
- Учество во креирањето на „Студентски манифест“ – студентска декларација на УСС – УКИМ;
- Панел дискусија на тема „Поделба на власта и кочници и рамнотежа“ во Читалната на 18.03.2024 г. со предавач Акрам Р. Елиас, искусен дипломат од Амбасадата на САД во Македонија;
- Промоција на студентите учесници на студентскиот pre-moot натпревар по меѓународно право „Phillip C. Jessup“;
- Учество и коорганизирање на Интердисциплинарна студентска конференција во Охрид од 15-17 март;
- Промоција на настан „Што ни носи иднината на демократија“ на 20.03.2024 г. во Читалната на Правен со проф. д-р Марко Кртолица како предавач. Истиот настан е дел од активностите предвидени со дебатниот клуб на факултетот;

***АПРИЛ, 2024***

- Отворен дигитален простор за предлог до ФСС, достапен и активен во секое време;
- Проследен повик за Правнијада 2024 г., балкански собир на студентите по право;
- Организирање на панел дискусија на тема „Студентска трибина: Студентски домови“ на 16.04.2024 г. во Нова Сала за ННС. Панелисти на настанот беа: Виктор Велевски, директор на ДСД Скопје, Раман Ајети, директор на Студентски дом „Пелагонија“, Сашко Геразов, раководител на ревизија при ДЗР и Слободан Панајотов, комисија за студентски стандард при УСС – УКИМ. Настанот беше во соработка со Фондација Вестминстер, Центар за студентска дебата на факултетот и Универзитетското студентско собрание.

***МАЈ, 2024***

- Организирање на апсолвентска забава на 07.05.2024 г.
- Објавен јавен повик за учество во уредувачкиот одбор на студентското списание Став на 10.05.2024 г. по социјалните мрежи и канали на комуникација на студентското собрание;

- Учество на неколку студенти од факултетот на Пролетна школа за превенција од корупција од високото образование во Охрид од 15-18 мај во организација на ИСИЕ;
- Хуманитарна акција „Донирај облека" на 31.05.2024 г. во соработка со Фондација Македонски Каритас на Летниковците на општествено-хуманистичкиот кампус;

***ЈУНИ, 2024***

- Избран уредувачки одбор на списанието Став;
- Избран заменик-претседател, Кире Јованов, и генерален секретар, Бојана Бурческа после успешно направените статутарни измени за надополнување на организациското работење на студентското собрание;

***ЈУЛИ, 2024***

- Тековни активности на собранието.

***АВГУСТ, 2024***

- Тековни активности на собранието.

***СЕПТЕМВРИ, 2024***

- Тековни активности на собранието.

***Скопје, 26.11.2024 г.***

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**

Данило Крстовски